Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 7/0306
26.01 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 15.01.2026 година, врз основа на примена жалба од **Васко Маглешов** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Изгласан пакетот закони за „Безбеден град“ – три пати забрана за возење во четири години збогум на возачката“,** објавен на интернет порталот на НОВА ТВ (novatv.mk)**, на 18.12.2025 година**, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 18.12.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Изгласан пакетот закони за „Безбеден град“ – три пати забрана за возење во четири години  збогум на возачката“, објавен на интернет порталот на НОВА ТВ (novatv.mk), на 18.12.2025 година, при што се жали на „нарушени авторски права/плагијат“.

Жалителот до СЕММ упати и детална анализа во која се споредуваат идентичните или многу сличните делови од текстот објавен на „Призма“ и оспорениот текст на НОВА ТВ.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата) и други материјали поврзани со жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот при што. меѓу другото, се наведува: „Редакцијата се воздржува од било каков коментар, само упатува на изворите користени во градењето на предметната дневна актуелна информација која не е труд со некакви авторски содржини туку е само елементарен процес, најобична трансмисија на содржини извлечени од повеќе извори чиј сопственик е државата, а не некаков приватен субјект. Секако, младите во редакцијата се повеќе користат и ВИ па, оттука, можно е за дел од примесите во содржината на предметната информација авторите, млади практиканти по новинарство на кои предметната информација како најактуелна во денот на нејзиното објавување, покрај службените државни извори, да го консултирале и овој современ извор на информации“.

Во одговорот се наведуваат и 5 извори кои биле користени за текстот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Изгласан пакетот закони за „Безбеден град“ – три пати забрана за возење во четири години  збогум на возачката“, објавен на интернет порталот на „НОВА ТВ“ (novatv.mk), на 18.12.2025 година, отстапува од

професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е поширок извештај поврзан со пакетот законски измени во Собранието за примена на проектот „Безбеден град“ - со што темата е од неспорен јавен интерес.

Комисијата најпрво констатираше дека едниот (оспорениот) и другиот текст (на жалителот) имаат многу големи сличности, почнувајќи уште од самиот наслов, додека самиот текст содржи и цели идентични пасуси или реченици. Од тука, а имајќи го предвид и времето на објавување на текстот на жалителот и оспорениот текст, Комисијата немаше дилеми за тоа дека станува збор за речиси целосно преземен текст.

Според оценката на Комисијата, аргументите наведени во одговорот од медиумот за тоа дека станувало збор за обична трансмисија на податоци, со што авторското право на веста не му припаѓа никому, како и веројатната употреба на вештачката интелигенција при пишувањето на текстот, не може да го оправда преземањето на текстот од друг автор-новинар. Станува збор за тема која жалителот, пренесувајќи ја основната вест, потоа ја обработил во својот текст опширно, користејќи и објаснувајќи најмалку три законски измени, така што не станува збор за кратка агенциска вест која ја пренеле бројни медиуми. Освен ова, доколку била користена ВИ во подготовката на оспорениот текст, Комисијата смета дека тоа, како веќе општо прифатен етички стандард, требало да се нагласи во самиот текст.

Имајќи го предвид сето ова, крајниот заклучок на Комисијата е дека станува збор за прекршување на членот 12 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 12**

**Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.**

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев. Тамара Чаусидис, поради деклариран судир на интереси, се исклучи од гласањето за овој случај.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595